# Пристап до информации од јавен карактер

Слободен пристап до информација од јавен карактер имаат сите правни и физички лица.

Барателот може да побара пристап до информацијата усно, писмено или во електронски запис.

Кога барателот бара пристап до информацијата од јавен карактер со усно барање, служеното лице составува записник, освен ако се работи за информации од членот 6 став(1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Барањето поднесено во електронска форма се смета за писмено поднесено барање.

Писменото барање може да се поднесе на утврдениот Образец – Барање за пристап до информации од јавен карактер(објавено во рубриката).

Исто така, барање пристап до информација од јавен карактер може да се достави на обичен поднесок, каде што задолжително ќе биде нагласено дека се работи за барање во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.101/19). Поднесокот треба да ги содржи следните податоци: назив на имателот на информацијата, лично име и презиме на барателот на информацијата, адреса, е-маил, телефонски број, податоци за можниот застапник или полномошното лице, фирмата или правното лице, на кој начин да се достави одговорот.

Во случај кога барањето е поднесено од страна на овластен полномошник, кон барањето уредно треба да биде приложено полномошно.

**Барањето може да се достави:**

- во архивата на ЈП Комунална хигиена –Скопје;

-по пошта на адресата на ЈП Комунална хигиена – Скопје (ул.516 бр.10- Скопје);

-преку официјалната електронска пошта на ЈП Комунална хигиена – Скопје ( е- пошта: khs@khs);

- преку електронската пошта на службените лица за посредување со информации од јавен карактер.

**Службени лица за посредување со информации од јавен карактер**

Биљана Петковска е-пошта: biljana.petkovska@khs.mk
Мерѓизе Муртезановска е-пошта: mergjize.m@khs.mk